**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје**
**Факултет за електротехника и информациски технологии**

Број: 02-784/11
Датум:27.5.2020 година
СКОПЈЕ

Врз основа на член 59 од Статутот на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје (Универзитетски гласник бр. 457/2019) и член 18 од Правилникот за начинот на реализација на дејностите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и единиците во неговиот состав согласно мерките на надлежните органи во Република Северна Македонија за спречување на внесување и ширење на Корона вирусот CoVid-19, Наставно-научниот совет на Факултетот, на седницата одржана на 27.5.2020 година, донесе

# ОДЛУКА

за изменување и дополнување на Одлуката за
доуредување и уредување на прашањата поврзани со
начинот на работа на Факултетот во услови на вонредна состојба

Член 1

Со оваа Одлука се врши изменување и дополнување на Одлуката за доуредување и уредување на прашањата поврзани со начинот на работа на Факултетот во услови на вонредна состојба (Универзитетски гласник бр. 496/2020).

Член 2

Во членот 13 да се додаде трет став кој гласи:

По исклучок од став 2 на овој член, а на барање на студентот, може да се пријави дипломска работа или магистерски труд за време додека траат мерките на надлежните органи во Република Северна Македонија за спречување на внесување и ширење на Корона вирусот CoVid-19.

Член 3

Во членот 16 да се додаде трет став кој гласи:

По исклучок од став 2 на овој член, а на барање на студентот, може да се пријави докторски труд за време додека траат мерките на надлежните органи во Република Северна Македонија за спречување на внесување и ширење на Корона вирусот CoVid-19.

Член 4

Во членот 17 по ставот 2 се додава нов став кој гласи:

Тајното гласање со физичко присуство се врши согласно мерките и препораките на Владата на Република Северна Македонија и на надлежните органи, што се однесуваат на бројот на присутни лица во затворен и отворен простор. Факултетот донесува одлука за постапка за начинот на тајното гласање.

Ставот 3 станува став 4, а став 4 станува став 5.

Член 5

Во ставот 2 од членот 22 по зборовите *обезбедена заштита* се додаваат зборовите *од двете страни.*

Член 6

Во членот 25 и во насловот на Одлуката зборовите *трае вонредната состојба* се заменуваат со зборовите *се во сила мерките на надлежните органи во Република Северна Македонија за спречување на внесување и ширење на Корона вирусот CoVid-19.*

**Член 7**

Во членот 25 се додава нов став кој гласи:

Во случај на постоење на неусогласеност на одредени одредби од оваа одлука со мерките и препораките на Владата на Република Северна Македонија и на надлежните органи ќе се применуваат мерките на Владата и надлежните органи.

Член 8

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Декан
Проф. д-р Димитар Ташковски